---

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ   УЛИЦИ И ПАТИШТА – Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ ИПАТИШТА Скопје
## ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-31.12.2012 година

Скопје,мај 2013 година

---

***ВОВЕД***

Според покажаните финансиски резултати 2012 е најуспешната година во работењето на ЈП Улици и патишта Скопје како продолжување на позитивниот тренд во работењето кој трае веќе три години – од 2010 г.
Нето добивката за 2012 г изнесува 41.174.112,00 ден и е за 3,3 пати поголема од добивката за 2011, односно за 2,6 пати поголема од остварената нето добивка во 2010г.
Ова е особено значајно да се потенцира имајќи предвид дека години station наназад Претпријатието покажува загуба во работењето. На почетокот на 2010 г акумулираната загуба во Претпријатието изнесува дури 124.865.737,00 ден.
Како резултат на поголеми приходи од расходи во 2012 г покажан е позитивен финансиски резултат пред оданочување во износ од 41.811.944,00 ден, данок на добивка од 637.832,00 ден и нето добивка од 41.174.112,00 ден
Детална анализа на сите настани кои го обележаа работењето на Претпријатието во 2012 г, како и на физичките и финансиските показатели од работењето за периодот 01.01.-31.12. следи понатаму во Извештајот.

**Основање**

Јавното претпријатие Улици и патишта-Скопје, е јавно претпријатие во функција на граѓаните за безбедно одвивање на сообраќајот во зимски и летни услови со стручно, квалитетно и ефикасно одржување на сообраќајниците во Градот Скопје.
Тоа е дејност од посебен интерес за Градот Скопје кој е негов основач која ЈП ја обавува од 1958 година како Градска Управа за патишта, организација со самостојно финансирање.
Од 1972 година до 1992 година се наоѓа во состав на ЈКП Комуналец Скопје.Со Одлуката за поделба на ова претпријатие на повеќе посебни претпријатија бр.02-3800/7 од 08.10.1992 год., и со заведување во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, под СРЕГ бр.19253/92 од 29.12.1992 год., ЈП одржување на улици и сообраќајници-Скопје, започна да функционира како самостоен правен субјект.
Согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва, ЈП Улици и патишта, е регистрирано под ова име како Јавно претпријатие со упис во судски регистар-регистарска влошка бр.02039215?-7-09-000 од 29.10.2001 год., и шифра на дејност 42.11 – изградба на патишта и автопатишта.

Седиштето на претпријатието е на ул.Коле Неделковски бр.38 Скопје.
Претпријатието своите финансиски трансакции ги врши преку 3(три) сметки:

- 300000001198471 кај Комерцијална банка АД копје
- 370011100068152 кај Еуростандард банка АД Скопје
- 210045289640156 кај НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

***Д Е Ј Н О С Т***

Дејностите на ЈП согласно судската регистрација Трег.број 10504/1999 од 29.10.2001 г од Основен суд – Скопје 1 и Статутот се:

**42.11 Изградба на патишта и автопати**

Заради извршување на својата дејност Претпријатието ги врши следните активности:

- Изградба,реконструкција и одржување на улици,патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици,патишта ,надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки ;
- Поставување на заштитни огради,сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови;

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок; глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 43.99 Останати специјализирани градежни работи неспомнати на други места
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности;

***О Р Г А Н И З А Ц И Ј А***

ЈП заради ефикасно извршување на дејностите кои ги врши согласно Статутот се организира и тоа:

1. **Сектор - Механизација**
2. **Сектор – Сообраќај**
3. **Сектор – Одржување и изградба на сообраќајници**
4. **Сектор – Технички работи**
5. **Сектор – Изградба и одржување на мелиоративно-хидротехнички објекти**
6. **Сектор – Развој**
7. **Сектор – Правно-кадрови и општи работи**
8. **Сектор – Финансии**

| | Жиро сметка | Депонент во |
|---|---|---|
| Денарска сметка | .300000001198471 | Комерцијална банка А. Д. Скопје |
| Денарска сметка | 210045289640156 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 370011100068152 | Еуростандард банка АД Скопје |

**Овластени потписници**:
Законски застапник на претпријатието е Синиша Ивановски директор[1] на Претпријатието кој е единствен потписник на сметките и потпишува поединечно.

**Орган на раководење**
Орган на раководење е законскиот застапник на претпријатието Синиша Ивановски кој согласно одредбите на член 23 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10) го избира Градоначалникот на Град Скопје.

**Орган на управување**
Орган на управување на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје е Управен одбор, формиран со Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје заведено под број 07-3368/4 од 10.09.2009 г и Измена на Одлуката бр.07-4007/1 од 30.09.2009 г и истиот брои 8 члена.

Во текот на известувачкиот период Управниот одбор има одржано 10 седници.

**Контрола на материјално-финансиското работење**
Контролата на материјалното финансиско работење на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје. ја врши надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е формиран со Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје заведено под број 07-3369/4 од 10.09.2009 година и истиот брои 5 члена.
Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење има одржано 4 седници и дадено позитивно мислење за годишна сметка на Јавното претпријатие за деловната 2012 година, позитивно мислење за тримесечни финансиски извештаи, како и позитивно мислење за извештајот за работење на претпријатието.

## I.КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

Јавното претпријатие Улици и патишта-Скопје 2012 година ја започна со 204 редовно вработени.
Во наредните месеци бројот на вработени се намалуваше поради заминување во пензија на 9 (девет) работника, 1 (еден) работник даде отказ, 1 (еден) работник доби отказ од работодавачот и 1 (еден) работник почина – вкупно 12 работника.
Во текот на 2012 г вработени се вкупно 21 работник и тоа:
- во септември вработени се 2 (два) работника - 1 (еден)хигиеничар во Сектор Правни и кадрово-општи работи и 1 (еден) референт во Сектор Сообраќај
- во декември се вработени 19 (деветнаесет) работника – 5 (пет) возачи на ТТ возила,1 (еден) бравар, 1 (еден)ракувач на средни градежни машини во Сектор Механизација; 1 (еден)референт во одделение за јавни набавки Сектор Финансии; 7 (седум) НК работника,1 (еден) одговорен техничар, 1 (еден) самостоен референт за техничка поддршка во Сектор Изградба и одржување на сообраќајници; 1(еден) обележувач-фарбар, 1 (еден) електроинженер во Сектор Сообраќај.

По месеци, бројот на вработени се движел како што е прикажано во табелата:

| Месец | 2012 г | Коментар |
|---|---|---|
| 01.01.2012 | 204 | |
| јануари | 203 | 1 раб. доби отказ<br>Сектор Механизација |
| февруари | 203 | |
| март | 203 | |
| април | 202 | 1 раб.пензиониран<br>Сектор Сообраќај |
| мај | 202 | |
| јуни | 202 | |
| јули | 199 | 1 раб.даде отказ<br>Сектор Сообраќај<br>1 раб.пензиониран<br>Сек.Правни,кадр.општи р.<br>1 раб.пензиониран<br>Сек.Сообраќај |
| август | 196 | 1 раб.пензиониран<br>Сектор сообраќај<br>2 раб.пензионирани<br>Сек.Одржув. и изгр.на сооб. |
| септември | 198 | 1 раб.вработен<br>Сек. прав.кадр.општи раб.<br>1 раб.вработен<br>Сектор сообраќај |
| октомври | 196 | 1 раб.пензиониран<br>1 раб.починат<br>сектор Механизација |

| | | |
|---|---|---|
| ноември | 194 | 1 раб.пензиониран Сек.Одржув. и изгр.на сооб. |
| декември | 213 | 19 раб.вработени во разл.сектори |
| 31.12.2012 | 213 | |

**БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ**

| Сектор | ВСС | ВШС | ССС | ВК/КВ | НК/ПК | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален директор | 1 | | | | | 1 |
| Сообраќај | 3 | 1 | 16 | 5 | 6 | 31 |
| Изградба и одржување сообраќајници | 3 | 2 | 13 | 14 | 39 | 71 |
| Технички работи | 2 | 1 | 1 | | | 4 |
| Финансии | 5 | 1 | 12 | | | 18 |
| Правно-кадрови и општи работи | 4 | | 19 | | 6 | 29 |
| Механизација | 1 | 2 | 38 | 12 | 6 | 59 |
| **Вкупно:** | 19 | 7 | 99 | 31 | 57 | 213 |
| | | | | | | |
| | | | | 31.12.2012г | Вкупно: | 213 |

Просечниот број на вработени изнесува 201 додека според вкалкулиран број на часови бројот на вработени е 217,61.
Просечната возраст на вработени во ЈП Улици и патишта Скопје во 2012 г е 43 години

- 18-29 год 19 вработени
- 30-49 год 136 вработени
- 50-64 год 58 вработени

Според националната припадност, структурата е следнава:

- Македонци 155 вработени
- Албанци 52 вработени
- Останати националности 6 вработени

Во текот на 2012 г зависно од обемот на работа преку Агенција за ангажирање на вработени од времен карактер во Претпријатието ангажирани се лица кои се распоредувани во оние Сектори каде имало потреба.
По месеци состојбата е следнава:

- во периодот 01.01.-31.05. ангажирани се вкупно 10 работници и тоа 5 возачи на ТТ возила, 2 НК/ПК работници, 1 КВ електричар, 1 машинист и 1 градежен техничар

- во месец 06 се ангажирани 25 работници и тоа 5 возачи на ТТ возила, 15 НК/ПК работници, 1 КВ електричар, 1 машинист , 1 градежен техничар, 1 бравар и 1 хигиеничар
- во месец 07 ангажирани се вкупно 23 работници и тоа 5 возачи на ТТ возила, 13 НК/ПК работници, 1 КВ електричар, 1 машинист , 1 градежен техничар, 1 бравар и 1 хигиеничар
- во месец 08 ангажирани се вкупно 24 работници и тоа 5 возачи на ТТ возила, 13 НК/ПК работници, 1 КВ електричар, 1 машинист , 1 градежен техничар, 1 бравар , 1 хигиеничар и 1 сообраќаен техничар
- во периодот од 01.09.-до 15.12 ангажирани се 22 работника и тоа: 5 возачи на ТТ возила, 12 НК/ПК работници, 1 КВ електричар, 1 машинист , 1 градежен техничар, 1 бравар и 1 самостоен референт за техничка поддршка.

## *II. ОСНОВНИ СРЕДСТВА*

Вкупната вредност на основните средства со кои располага Претпријатието на 31.12.2012 г изнесува 41.131.143,00 ден и е за 3.912.741,00 ден помала во однос на 2011 г кога средствата со кои располага Претпријатието изнесуваат 45.043.884,00.
Ова намалување е резултат на пресметаната годишна амортизација, а не на фактичко намалување на основните средства.
Во врска со основните средства особено важно е да се потенцира дека во претходните 2-3 години вредноста на основните средства е зголемена за повеќе од два пати како резултат на добиената механизација и реконструкцијата на Асфалтната база преку субвенции од Градот Скопје со што значајно е зголемена и модернизирана механоопременоста на Претпријатието.
Сепак, како проблем останува слабата опременост со транспортни средства што е причина за ангажирање на други фирми за транспорт, но веќе во 2013 г со набавка на нови камиони овој проблем делумно ќе се надмине.

## II.А Градежни објекти

Градежните објекти со кои располага Претпријатието се наоѓаат на неколку локации:
- Административна барака Дирекција е сместена на ул.Коле Неделковски бр.38 и е со квадратура од 210 м2,но со целосно отпишана вредност.
- Административни простории, магацини и дежурна(зимска) служба се наоѓа на ул.Сава Ковачевиќ во Кисела Вода и зафаќа простор од вкупно 2778 м2 и има дворно место од 12.547 м2
- Административна барака на бул. Илинден која е добиена со поделбата на ЈКП комуналец во 1992 г и е поделена со ЈП Паркови и зеленило, а таму е сместено и ЈП Градски паркинг.
- Зидани простории во Асфалтна база која се наоѓа во кругот на РЖ Скопје.
  Вкупната сегашна вредност на градежите изнесува 121.266,00 ден.

## II.Б. Транспортни средства, машини и опрема

Транспортните средства, машините и опремата со кои располага Јавното претпријатие се внесени во следните табели.

**Транспортни средства – товарни возила**

| Ред. бр. | Марка на средството | сегашна вредност | година на производство |
|---|---|---|---|
| 1. | ФАП 19/21 | 0,00 | 1991 |
| 2. | ФАП 19/21 | 0,00 | 1991 |
| 3. | ФАП 13/14 | 0,00 | 1988 |
| 4. | ФАП 13/14 | 0,00 | 1980 |
| 5. | ФАП 13/14 | 0,00 | 1979 |
| 6. | ФАП 13/14 | 0,00 | 1972 |
| 7. | ФАП 13/14 | 0,00 | 1972 |
| 8. | Приколка за ФАП | 0,00 | 1975 |
| 9. | ТАМ 2001 | 0,00 | 1970 |
| 10. | ТАМ Т10/110 | 0,00 | 1981 |
| 11. | ТАМ 60Т | 0,00 | 1979 |
| 12. | ТАМ 90750 3,2 | 0,00 | 1993 |
| 13. | РИВАЛ путар 358 | 0,00 | 1992 |
| 14. | Пикап Пежо | 0,00 | 1996 |
| 15. | ИВЕКО Daily 50C 15 D | 2.204.554,50 | 2011 |
| 16. | ИВЕКО Daily 50C 15 D | 2.204.554,50 | 2011 |
| 17. | Мерцедес UNIMAG U 1650 | 0,00 | 2002 |

**Транспортни средства - Лесни возила**

| ред. бр. | Марка на возилото | сегашна вредност | година на производство |
|---|---|---|---|
| 1. | Лада Рива | 0,00 | 1991 |
| 2. | Лада Нива | 0,00 | 1993 |
| 3. | Лада Нива | 0,00 | 1995 |
| 4 | Југо корал 45 | 0,00 | 1992 |
| 5. | Југо корал 65 | 0,00 | 1994 |
| 6. | Опел Вектра | 0,00 | 1995 |
| 7. | Моторцикл | 0,00 | 1995 |
| 8. | Форд Фокус тренд | 882.880,00 | 2011 |

**Градежни машини и опрема**

| ред. бр. | Вид и марка на машината | Сегашна вредност | Година на производство |
|---|---|---|---|
| 1. | Асфалтна база Вибау | 13.066.634,50 | 1968 |
| 2. | Термоцистерни во База (3) | 0,00 | 1974,75,78 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Вибронабивач БТ-6 | 0,00 | 1990 |
| 4. | Моторни коси Штил (7) | 144.249,00 | 2007-2010 |
| 5. | Тотална станица | 250.941,00 | 2008 |
| 6. | Агрегат за заварување | 83.700,00 | 2009 |
| 7. | Компресор CompAir | 515.721,00 | 2010 |
| 8. | Машина за бележење GRAKO | 1.059.182,00 | 2010 |
| 9. | Машина за бележење AR 150 | 2.261.402,00 | 2010 |
| 10. | Комбиниран тандем виброваљак BOMAG BV | 1.258.047,00 | 2010 |
| 11. | Комбинирана машина NEW HOLLAND | 2.426.820,00 | 2010 |
| 12. | Комбиниран ровокопач натоварувач Komatsu WB 93R-EO | 3.200.933,00 | 2011 |
| 13. | Мини натоварувач BOBCAT S 250HF | 3.075.574,00 | 2010 |
| 14. | Град.машина Caterpillar 256 C | 5.491.024,50 | 2011 |
| 15. | Финишер БОМАГ | 5.794.051,50 | 2010 |
| 16. | Финишер Д-48 | 0,00 | 1987 |
| 17. | Утоварувач РД 185 | 0,00 | 1991 |
| 18. | Утоварувач Л800 | 0,00 | 1988 |
| 19. | Набивен РИКОМАГ | 0,00 | 1984 |
| 20. | Ваљак БВ 76Ц | 0,00 | 1991 |
| 21. | Виброваљак ВДП-34 | 0,00 | 1988 |
| 22. | Виброваљак | 0,00 | 1991 |
| 23. | Виброваљак | 0,00 | 1984 |
| 24. | Виброваљак | 26.574,00 | 2005 |
| 25. | Плуг за снег | 0,00 | 1990 |
| 26. | Плуг за снег | 0,00 | 1989 |
| 27. | Посипувач за сол со тркало | 0,00 | 1991 |
| 28. | Посипувач за сол | 0,00 | 1987 |
| 29. | Посипувач за сол | 0,00 | 1996 |

Од табелите се потврдува констатацијата дадена погоре во извештајот дека основните средства со кои располага Претпријатието се стари и одамна без никаква соодветна вредност, со исклучок на средствата кои последните три години се дадени на трајно користење од Град Скопје.
Староста и истрошеноста на средствата е причината и за трошењето на резервните делови,иако за тоа строго се води сметка, како и поголемата потрошувачка на гориво и мазива.

Во 2012 г потрошени се автоделови во износ од 1.696.089,00 ден и се зголемени во однос на 2011 кога биле потрошени 1.331.781,00 ден.

## *III. Ф И З И Ч К И  П О К А З А Т Е Л И*

Работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во 2012 г претставено преку физичките показатели од работењето во кратки црти е следново:

1. Показателите во 2012 г се разликуваат во однос на 2011 г и тоа во сите сегменти
2. Како и претходните години, и во 2012 г најмногу е работено за Градот Скопје, но со помал процент (учество) во вкупно завршените работи во однос на 2011 г - 83% во 2012 наспроти 96% во 2011 г.
3. Значајно да се потенцира дека во и во 2012 г како и години наназад воопшто не е работено со Општините,што е разочарувачки податок. Причините за тоа ќе бидат објаснети подолу во текстот.

## Т Е Х Н И Ч К А  Р Е А Л И З А Ц И Ј А

### за извршени работи од страна на ЈП УЛИЦИ и ПАТИШТА-Скопје

### за 2012 год.

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | Асфалт | Асфалт | Коцка | столбчина | Фарбање | Знаци | лед модул | Рачно чистење на косини и канали | Машинско чистење на корито и канали | Механизација | Работна рака | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | тон | м2 | м2 | ком | м2 | ком. | ком. | м2 | м2 | час | час | тон |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 8 | 9 | 10 | # | 12 | 13 | 15 | 16 | # |
| 1 | ГРАД СКОПЈЕ | 124 | 73442 | 1528 | 735 | 88716 | 743 | 107 | 34876 | 26207 | 7076 | 34562 | 208 |
| 2 | ТОПЛИФИКАЦИЈА | | 374 | | | | | | | | | | |
| 3 | Трети лица - асфалтирање | 1.493 | 17012 | | | | | | | | | | |
| 4 | Трети лица - материјал | 2.006 | | | | | | | | | 13 | | |
| | **ВКУПНО:** | **3.623** | **90828** | **1528** | **735** | **88716** | **743** | **107** | **34876** | **26207** | **7089** | | **208** |

Во горната табела е прикажана целокупната техничка реализација на ЈП Улици и патишта за периодот 01.01-31.12.2012 г по сите основи и инвеститори,

Споредбено со минатата 2011 г евидентно е намалување на обемот на работењето со Градот Скопје и тоа по сите основи:

- кај вградениот асфалт за пополнување ударни дупки се потрошени 124 т наспроти 464 во 2011г, а намалени се и асфалтираните површини за 17,11 % и редењето коцка за 2 пати

- во секторот Сообраќај скоро исти се површините кои се обележени,поставени се 68 помалку столбчиња и 194 помалку сообраќајни знаци.
- најголемо намалување има кај чистењето на корито на р. Вардар и тоа 3 пати помалку површини се исчистени рачно и за половина помалку машински.

## III.A. Г р а д С к о п ј е

### Т Е Х Н И Ч К А Р Е А Л И З А Ц И Ј А

за одржување на булевари, магистрални и собирни улици на ниво

**на Град Скопје**

за период од 01.01. год. до 31.12.2012год.

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | Асфалт | Асфалт | Коцка | столбчиња | Фарбање | Знаци | семафоризирани [illegible] | лед модул | столб-санација | Лантерни-санација | Рачно чистење на коритои канали | Машинско чистење на коритои канали | Механизација | Работна рака | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | тон | м2 | м2 | ком | м2 | ком. | ком. | ком. | ком. | ком. | м2 | м3 | час | час | тон |
| 1. | Летно одржување-крпење на ударни дупки | 102 | 9069 | 100 | 356 | | | | | | | | | | | |
| 2. | Асфалтерски работи-изградба | 22 | 64373 | 1428 | 379 | | | | | | | | | | | |
| 3. | Хор. и Вер. сигнализација | | | | | 86716 | 743 | | | | | | | | | |
| 4. | Светлосна сигнализација | | | | | | | 8 | 107 | 18 | 66 | | | | | |
| 5. | Зимска служба | | | | | | | | | | | | | 7016 | 34320 | 208 |
| 6. | Инспекторат | | | | | | | | | | | | | 60 | 242 | |
| 7. | Корито на река Вардар | | | | | | | | | | | 34876 | 26207 | | | |
| | **ВКУПНО:** | **124** | **73442** | **1528** | **735** | **86716** | **743** | **8** | **107** | **18** | **66** | **34876** | **26207** | **7076** | **34562** | **208** |

Со анализа на податоците од оваа табела со истите претходната година се доаѓа до следниве сознанија:

# 1. Асфалтирање (изградба и летно одржување на сообраќајници)

## 1.1. Изградба

Кај изградбата на сообраќајници намалени се асфалтираните површини за 23,18 % (64.373 м2 во 2012 наспроти 83.800 во 2011 г). Истовремено се потрошени само 22 т асфалт наспроти потрошените 249 т во 2011 г.Што се однесува до површините со коцка намалувањето изнесува 52,58 %.

| Реден број | ОПШТИНИ/ ОБЈЕКТИ | Асфалт | Асфалт | коцка плочки | заштитни столбчиња |
|---|---|---|---|---|---|
| | сообраќајници | м2 | т | м2 | денари |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | 5 |
| | **Општина Аеродром** | | | | |
| 1 | Паркинг АВНОЈ | 4.260,80 | | | |
| 2 | Мост Србија- велосипедска патека | 565,23 | | | |
| 3 | Игралиште-Горно Лисиче | 990,00 | | | |
| 4 | Игралиште-Горно Лисиче-паркинг | 633,60 | | | |
| 5 | Игралиште-Горно Лисиче-постелка | | | | |
| 6 | Игралиште-Горно Лисиче-пристапна улица | 766,40 | | | |
| 7 | бул.Асном р-ца со бул.Србија-паркинг | 1.600,00 | | | |
| 8 | бул.Асном р-ца со ул.Ф.Поход-паркинг | 672,00 | | | |
| 9 | бул.Асном р-ца со бул.Србија-паркинг-2 | 1.088,00 | | | |
| 10 | бул.Асном р-ца влез со ул.Ф.Поход-паркинг | 1.520,00 | | | |
| | Вкупно: 10 објекти | **12.096,03** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | **Општина Бутел** | | | | |
| 1 | Паркинг-ОУ Ацо Шопов | 304,00 | | | |
| 2 | Гробишта Бутел | 2.921,00 | | | |
| 3 | улица Визбегово | 1.994,72 | | | |
| 4 | Гробишта Бутел-паднати борци | | | 1.152,98 | |
| | Вкупно: 4 објекти | **5.219,72** | **0,00** | **1.152,98** | **0,00** |
| | **Општина Гази Баба** | | | | |
| 1 | Хиподром | 4.534,97 | | | |
| 2 | Црква Св.Архангел И Михаил-паркинг | 1.901,24 | | | |
| 3 | бул.Александар Македонски-тротоар | 466,01 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Радован Ковачевиќ | | 1.293,30 | | | |
| 5 | Алија Авдовиќ | | 1.013,02 | | | |
| 6 | Војводина-тротоар | | | | | |
| 7 | Плато -кеј на Р.Вардар | | 262,36 | | | |
| 8 | Гоце Делчев-с.Стајковци | | | | | |
| 9 | ул.20 во Инџиково | | 997,25 | | | |
| 10 | Паркинг-Автокоманда | | 2.236,86 | | | |
| 11 | бул.Војводина-тротоар | | 415,00 | | | |
| 12 | ул.4 во Инџиков | | 798,41 | | | |
| 13 | ул.2 во Инџиков | | 1.031,87 | | | |
| | Вкупно: | 13 објекта | 14.950,29 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Општина Ѓорче Петров** | | | | | |
| 1 | ул.Радушка и ул.Црногорска | | **104,94** | | | |
| | Вкупно: | 1 објект | **104,94** | **0,00** | | **0,00** |
| | **Општина Карпош** | | | | | |
| 1 | бул. Илинден | | 8.589,34 | | | |
| 2 | М.Теодосиј Гологанов | | 735,10 | | 45,90 | |
| 3 | Воен Медицински центар-тротоар | | 118,55 | | | |
| | Вкупно: | 3 објекта | **9.442,99** | **0,00** | **45,90** | **0,00** |
| | **Општина Кисела Вода** | | | | | |
| 1 | Усје | | 1.849,72 | | | |
| 2 | ул.Марко Орешковиќ-дел1 | | 924,68 | | | |
| 3 | бул.Борис Трајковски | | 219,73 | | | |
| 4 | ул.5 во Усје дел-1 | | 1.235,20 | | | |
| 5 | ул.22 во Усје | | 686,00 | | | |
| 6 | крак од ул.1 во Усје | | 591,02 | | | |
| 7 | крак од ул.3 во Усје | | 350,00 | | | |
| | Вкупно: | 7 објекта | 5.856,35 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Општина Сарај** | | | | | |
| 1 | Горна Матка-паркинг | | 390,73 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Мост Сарај | | 261,80 | | | |
| | Вкупно: | 2 објекта | 652,53 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Општина Центар** | | | | | |
| | Самоилова | | | | 229,55 | |
| 1 | Мито Хаџивасилев Јасмин-до Цветен Пазар | | 4.426,71 | 12,75 | | |
| 2 | М.Хаџивасилев Јасмин-прошир. коловоз | | 1.470,80 | | | |
| 3 | Цветен Пазар | | | | | 379,00 |
| 4 | Зоо градина-патека | | 289,20 | | | |
| 5 | Градски Парк-патеки | | 169,20 | | | |
| 6 | Илинденска-бетонски ѕид | | | | | |
| 7 | Градска плажа-Камен Мост | | 215,70 | | | |
| 8 | Градска Плажа-1-трибини | | | | | |
| 9 | П.одреди- Буњаковец 2-семафоризација | | | | | |
| 10 | П.одреди- Граде.факу.-семафоризација | | | | | |
| 11 | П.одреди- Х.Карпош.-семафоризација | | | | | |
| 12 | П.одреди- К.Херои.-семафоризација | | | | | |
| 13 | П.одреди- Ленинова.-семафоризација | | | | | |
| 14 | П.одреди- Н.Тесла.-семафоризација | | | | | |
| 15 | П.одреди- Ф.Рузвелт.-семафоризација | | | | | |
| 16 | Пристапна патека- Ботаничка градина | | 114,22 | | | |
| 17 | Игралиште за ракомет-Градска плажа | | | | | |
| 18 | Игралиште за ракомет-Градска плажа | | | | | |
| 19 | Паркинг-спроти ТЦ Рамстор | | 106,20 | | | |
| 20 | Ботаничка градина | | | | | |
| 21 | Трим патека-Водно | | | | | |
| 22 | бул.Св.Кирил И Методиј-паркинг пред Н.Македонија | | 2.044,98 | 9,50 | | |
| 23 | ул.Ацо Караманов | | 3.242,78 | | | |
| 24 | бул.М.Т.Гологанов-паркинг АМСМ | | | | | |
| | Вкупно: | 24 објекта | 12.079,79 | 22,25 | 229,55 | 379,00 |
| | **Општина Шуто Оризари** | | | | | |
| 1 | Шуто Оризари | | **1.803,70** | | | |
| 2 | ул.Пелагонија | | 2.166,77 | | | |
| | Вкупно: | 2 објекта | **3.970,47** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |

| | ***РЕКАПИТУЛАР*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Општина Аеродром** | **10 објекти** | **12.096,03** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| 2 | **Општина Бутел** | **4 објекти** | **5.219,72** | **0,00** | **1.152,98** | **0,00** |
| 3 | **Општина Гази Баба** | **13 објекти** | **14.950,29** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| 4 | **Општина Ѓорче Петров** | **1 објект** | **104,94** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| 5 | **Општина Карпош** | **3 објекти** | **9.442,99** | **0,00** | **45,90** | **0,00** |
| 6 | **Општина Кисела Вода** | **7 објекти** | **5.856,35** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| 7 | **Општина Сарај** | **2 објекта** | **652,53** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| 8 | **Општина Центар** | **24 објекта** | **12.079,79** | **22,25** | **229,55** | **379,00** |
| 9 | **Општина Шуто Оризари** | **2 објекта** | **3.970,47** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | **Вкупно:** | **66 објекта** | **64.373,11** | **22,25** | **1.428,43** | **379,00** |

### 1.2. Летно одржување

Кај летното одржување на сообраќајни површини евидентно е намалување на некои категории и тоа за 53,53% кај пополнувањето ударни дупки (102 т наспроти 215,2 т во 2011 г)како и кај редењето коцка за 46,64% (100 м2 во 2012 наспроти 187,58 во 2011 г).

Затоа пак зголемување за скоро 5 пати има кај асфалтирањето на сообраќајници ( 9.069 м2 во 2012- 1.842 м2 во 2011 г)

| Реден број | ОПШТИНИ/ ОБЈЕКТИ | Асфалт | Асфалт | коцка плочки | заштитни столбчиња |
|---|---|---|---|---|---|
| | сообраќајници | м2 | тон | м2 | ком |
| 1 | 2 | 3 | 3 | 4 | |
| | ***Општина Аеродром*** | | | | |
| 1 | Февруарски Поход | 60,16 | | | |
| 2 | Јане сандански | 164,80 | | | |
| 3 | р-ца бул.3-та М.Бригада-ул.Ф.Клуз | 213,40 | | | |
| | Вкупно: 3 улици | 438,36 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | ***Општина Бутел*** | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алекснадар Урадревски-коцка | | | | | | |
| 2 | Радишанска | | | 194,54 | | | |
| 3 | пат за с.Орман | | | 75,63 | | | |
| 4 | Ќемал Сејфула | | | 97,39 | | | |
| 5 | ул.Радишанска | | | 45,38 | | | |
| | Вкупно: | 5 | улици | 412,94 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | ***Општина Гази Баба*** | | | | | | |
| 1 | Благоја Стефковски | | | 39,00 | | | |
| 2 | ул.во нас.Автокоманда | | | 54,77 | | | |
| 3 | 15-ти Корпус | | | 8,95 | | | |
| 4 | Балгоја Стефковски | | | 220,69 | | | |
| 5 | Перо Наков | | | 201,96 | | | |
| 6 | ул.Маџари-Палмиро Тољати | | | 92,19 | | | |
| 7 | Фуштанска | | | 265,33 | | | |
| 8 | Јужноморавски Бригади | | | 305,52 | | | |
| 9 | Благоја Стефковски | | | 62,27 | | | |
| 10 | Прист.ул.до кеј на р.Вардар | | | 147,26 | | | |
| 11 | Алија Авдовиќ | | | 44,69 | 18,54 | | |
| 12 | Инџиковски пат | | | 143,57 | | | |
| 13 | ул.520 | | | 59,27 | | | |
| 14 | ул.15-ти Корпус | | | | 4,29 | | |
| 15 | Парк Шума Гази Баба | | | 84,50 | | | |
| | Вкупно: | 15 | улици | **1.729,97** | **22,83** | **0,00** | **0,00** |
| | ***Општина Ѓорче Петров*** | | | | | | |
| 1 | Ѓорче Петров | | | 54,64 | | | |
| 2 | Лука Геров | | | 292 | | | |
| 3 | Волковска | | | 148,44 | 19,67 | | |
| 4 | ул.Црногорска | | | 223,22 | | | |
| 5 | ул.Волковска | | | 38,86 | | | |
| 6 | ул.Лука Геров | | | 127,01 | | | |
| | Вкупно: | 6 | улици | **883,93** | **19,67** | **0,00** | **0,00** |
| | ***Општина Карпош*** | | | | | | |
| 1 | Јадранска Магистрала | | | 37,04 | | | |
| 2 | ул.Козле | | | 11,91 | | | |
| 3 | Министерство за економија | | | 37,84 | | | |
| 4 | Паризански одреди | | | 43,00 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | бул.8-ми Септември | | 65,46 | | | |
| 6 | ул.Аминта 3 | | 16,04 | | | |
| 7 | ул.Ѓ.Пертов,бул.П.ОдредиЩ.. | | 16,69 | | | |
| | Вкупно: | 7 улици | **227,98** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | ***Општина Кисела Вода*** | | | | | |
| 1 | Сава Ковачевиќ | | 417,47 | | | |
| 2 | Антон Попов-Димо Хаџи Димов | | 178,81 | | | |
| 3 | Христо Татарчев | | 1.393,39 | | | |
| 4 | Вера Јоциќ | | 4,50 | | | |
| 5 | Првомајска-тротоар | | | 59,61 | | |
| 6 | ул.Марко ОреШковиќ-прекоп | | 101,67 | | | |
| 7 | ул.Христо Татарчев-дел2 | | 471,09 | | | |
| | Вкупно: | 7 улици | **2.566,93** | **59,61** | **0,00** | **0,00** |
| | ***Општина Сарај*** | | | | | |
| 1 | пат за Матка | | 171,31 | | | |
| 2 | пат за Радуша | | 250,19 | | | |
| | Вкупно: | 2 улици | **421,50** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | ***Општина Центар*** | | | | | |
| 1 | К.Ј.Питу | | 27,9 | | | |
| 2 | Никола Карев | | 72,24 | | | |
| 3 | Пролет | | 12,50 | | | |
| 4 | Територија на Град Скопје | | | | 100 | |
| 5 | Градски парк-патеки | | 113,30 | | | |
| 6 | ул.во Центар | | 17,43 | | | |
| 7 | Територија на Град Скопје | | | | | 45,00 |
| 8 | Бихачка | | 181,34 | | | |
| 9 | Димитрие Чуповски | | 18,01 | | | |
| 10 | Никола Карев | | | | | |
| 11 | Црвена Ск.Општина-пред црква Св.Димитрија | | 16,48 | | | |
| 12 | Димитрие Чуповски | | 13,10 | | | |
| 13 | Јужен Булевар | | 26,40 | | | |
| 14 | Столбчиња | | | | | 98,00 |
| 15 | Расчистување на Ј.Булевар | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | бул. Кочо Рацин | | | 149,58 | | | |
| 17 | бул.Гоце Делчев | | | 19,64 | | | |
| 18 | ул.С.Аљенде,ул.Самоилова | | | | | | 189,00 |
| 19 | р-ца бул.Илинден-бул.Манапо-прекоп | | | 63,35 | | | |
| 20 | бул.Партизански одреди | | | 654,45 | | | |
| 21 | ул.Даме Груев-пекоп | | | 60,62 | | | |
| 22 | ул.Димитрие Чуповски | | | 43,18 | | | |
| 23 | улица кон Градски Стадион | | | 67,71 | | | |
| 24 | ул.Димитрие Чуповски | | | 38,95 | | | |
| 25 | ул.Бихачка | | | | | | 24,00 |
| | Вкупно: | 25 | улици | **1.596,15** | **0,00** | **100,00** | **356,00** |
| | ***Општина Чаир*** | | | | | | |
| 1 | ПоликлиникаЧаир | | | 260,87 | | | |
| 2 | Втора Макед.бригада | | | 486,83 | | | |
| 3 | бул.М.К. Бригада | | | 1,85 | | | |
| | Вкупно: | 3 | улици | **749,55** | **0,00** | | |
| | ***Општина Шуто Оризари*** | | | | | | |
| 1 | Шуто Оризари | | | 41,67 | | | |
| | Вкупно: | 1 | улица | **41,67** | **0,00** | | |
| | ***Р Е К А П И Т У Л А Р*** | | | | | | |
| **1** | **Општина Аеродром** | **3** | **улици** | 438,36 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **2** | **Општина Бутел** | **5** | **улици** | 412,94 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **3** | **Општина Гази Баба** | **15** | **улици** | 1.729,97 | 22,83 | 0,00 | 0,00 |
| **4** | **Општина Ѓорче Петров** | **6** | **улици** | 883,93 | 19,67 | 0,00 | 0,00 |
| **5** | **Општина Карпош** | **7** | **улици** | 227,98 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **6** | **Општина Кисела Вода** | **7** | **улици** | 2.566,93 | 59,61 | 0,00 | 0,00 |
| **7** | **Општина Сарај** | **2** | **улици** | 421,50 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **8** | **Општина Центар** | **25** | **улици** | 1.596,15 | 0,00 | 100,00 | 356,00 |
| **9** | **Општина Чаир** | **3** | **улици** | 749,55 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **10** | **Општина Шуто Оризари** | **1** | **улици** | 41,67 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупно:** | **73** | **улици** | **9.068,98** | **102,11** | **100,00** | **356,00** |

## 2. Инспекторат

| Реден број | МЕСЕЦИ | Механизација | Работна рака |
|---|---|---|---|
| | 2012 | час | час |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | *МАЈ*<br>Учество на механизација и работна рака за интервенции | **6,0** | **164,0** |
| | Вкупно: | 6,0 | 164,0 |
| 2 | *СЕПТЕМВРИ*<br>Учество на механизација и работна рака за интервенции | **18,0** | **18,0** |
| | Вкупно: | 18,0 | 18 |
| | Се вкупно: | **24** | **182** |
| 3 | *НОЕМВРИ*<br>Учество на механизација и работна рака за интервенции бул.К.Мисирков | 7,5 | 13,5 |
| | Учество на механизација и работна рака за интервенции бул.П.Одреди со бул.ВМРО | 21,0 | 31,5 |
| | Вкупно: | 28,5 | 45 |
| | Се вкупно: | **52,50** | **227,00** |
| 4 | *ДЕКЕМВРИ*<br>Учество на механизација и работна рака за интервенции бул.Илинден кај Зоо градина | 7,5 | 15,0 |
| | Вкупно: | 7,50 | 15,00 |
| | Се вкупно: | **60,00** | **242,00** |

## 3. Чистење корито на река Вардар

Најголемо намалување има кај површините за чистење на корито на р.Вардар и тоа за скоро 3 пати кај рачното и за 5 пати кај машинско чистење- туркање на песочни наноси и муљ со булдожер. Кај машинското чистење намалувањето е минимално – околу 19%.

| Реден број | ОПШТИНИ/ ОБЈЕКТИ | Рачно чистење на косините | Рачно чистењ е на горни скали | Машинск о чистење на коритото | Машинсо булдожер ско туркање на песочни нанаоси и муљ |
|---|---|---|---|---|---|
| | сообраќајници | м2 | м2 | м3 | м3 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Чистење на корито на река Вардар и канали | 34.876,00 | | 21.435,00 | 4.772,50 |

4. **Зимска служба**

Техничката реализација при зимското одржување на сообраќајниците во Градот Сопје е претставена во следнава табела:

| Реден број | М Е С Е Ц И | Механизација | Работна рака | Сол | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | час | час | тон | тон |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Учество на механизација и работна рака за интервенции во посипување на индустриска сол,крпење на ударни дупки со ладен асфалт и чистење на снег на коловози на сообраќјници. | | | | |
| 1 | Месец Јануари | 1.488,00 | 7.440,00 | 0,00 | 67,00 |
| 2 | Месец Февруари | 2.897,60 | 9.744,00 | 0,00 | 30,00 |
| 3 | Месец Март | 720,00 | 3.600,00 | 0,00 | 59,50 |
| 4 | Месец Ноември | 422,00 | 4.608,00 | | |
| 5 | Месец Декември | 1.488,00 | 8.928,00 | | 43,00 |
| | **ВКУПНО:** | **7.015,60** | **34.320,00** | | **199,50** |

Од податоците во табелата може да се констатира :

- остварени се 1.735,60 повеќе часови со механизација (33%)

- работната рака е исто така ангажирана за 111,53% - 34.320 часа наспроти 16.224 часа во 2011 г

- потрошени се 15,5 т повеќе лада асфалтна маса за интервентно ”крпење” на ударни дупки

## 4.Сообраќајно техничка регулатива

### 4.а. Хоризонтална и вертикална сигнализација

| Реден број | Месеци | обележување | знаци | исправени знаци |
|---|---|---|---|---|
| | сообраќајници | м2 | ком | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | |
| | Обележување на коловози, поставување на нови и замена на стари сообраќајни знаци по налог | | | |
| 1 | Месец Јануари | | | |
| 2 | Месец Февруари | 989,00 | 18,0 | 29,0 |
| 3 | Месец Март | 338,00 | 62,0 | 44,0 |
| 4 | Месец Април | 2.536,00 | 21,0 | 36,0 |
| 5 | Месец Мај | 4.003,00 | 72,0 | |
| 6 | Месец Јуни | 3.655,00 | 40,0 | 71,0 |
| 7 | Месец Јули | 22.089,00 | 135,0 | 30,0 |
| 8 | Месец Август | 22.887,00 | 37,0 | 4,0 |
| 9 | Месец Септември | 21.611,0 | 59 | 181 |
| 10 | Месец Октомври | 5.079 | 99 | |
| 11 | Месец Ноември | 3.461 | 65 | 2 |
| 12 | Месец Декември | 68 | 135 | 58 |
| | **Вкупно:** | **86.716,0** | **743,0** | **455,0** |

Во 2012 г обележените површини се скоро на исто ниво како во 2011 г – 86.045 м2наспроти 86.716 м2 во 2011 г, но се поставени за 194 помалку сообраќајни знаци и за 68 помалку столпчиња што и не е некој негативен показател за работењето на овој Оддел имајќи предвид дека претходните две години беа рекордни во последниве години за оваа активност на Претпријатието.

За обележување на наведените површини потрошени се 48.000 кг боја (бела,жолта,црвена) и 7.200 л разредувач.

**4.б. Светлосна сигнализација**

Одделението за светлосна сигнализација и во 2012 г продолжи да работи со несмален интензитет.

Покрај редовното одржување на светлосните уреди, воспоставен е зелен бран на Бул. Партизански одреди, семафоризирани се или реконструирани уште 13 крстосници и тоа:

1. Бул.Партизански одреди – Хотел Карпош
2. Бул.Партизански одреди – ул. Никола Тесла
3. Бул.Партизански одреди – ул. Костурски херои
4. Бул.Партизански одреди – Градежен факултет
5. Бул.Партизански одреди – Буњаковец 2
6. Бул.Партизански одреди - ул. Ленинова
7. ул. Првомајска – ул. Иван Козаров
8. ул.Првомајска – ул.Емил Зола
9. бул. М.Т.Гологанов – бул. 8-ми септември
10. ул. Првомајска – ул.Петар Дељан
11. ул. Првомајска – ул.Сава Ковачевиќ
12. ул. Првомајска – ул. Народни херои
13. ул. М.А.Ченто – ул. Финска

Во моментов на територијата на Град Скопје има 127 семафоризирани крстосници за чија исправност и функционирање е одговорно ЈП.

Подетално работата на Одделот за светлосна сигнализација е претставен во следната табела:

| Реден број | Месеци<br>сообраќајници | опрема<br>ком | сијалици<br>ком |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Месечна контрола и одржување на светлосна сигнализација со санирање на семафорска опрема и потрошен материјал. | | |
| 1 | Месец Јануари | | |
| 2 | Месец Февруари | 42 | |
| 3 | Месец Март | 64 | |
| 4 | Месец Април | | |
| 5 | Месец Мај | 1 | |
| 6 | Месец Јуни | | |
| 7 | Месец Јули | | |
| 8 | Месец Август | | |
| 9 | Месец Септември | | |
| 10 | Месец Октомври | | |
| 11 | Месец Ноември | | |
| 12 | Месец Декември | | |
| | **Вкупно:** | **107** | |

## 5. Производство на асфалт

Во табелата која следи е прикажано производството на асфалт по месеци и тоа по видови и количини.

| месец | асфалтна маса | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | БНС-22 | | Вкупно | БНС-16 | | Вкупно | АБ-11 | | Вкупно | АБ-8 | |
| | тон | тон | | тон | тон | | тон | тон | | тон | тон |
| | 3 | 4 | | 5 | 6 | | 7 | 8 | | | 10 |
| | ЈПУП | Други | | ЈПУП | Други | | ЈПУП | Други | | | |
| 01/12 | | | | | | | | | | | |
| 02/12 | | | | | | | | | | | |
| 03/12 | 0 | 0 | **0,00** | 103,50 | 60,50 | **164,00** | 173,50 | 0,00 | **173,50** | | **337,50** |
| 04/12 | 176 | 0 | **176,00** | 195,50 | 55,50 | **251,00** | 643,50 | 174,50 | **818,00** | | **1.245,00** |
| 05/12 | 17,50 | 0 | **17,50** | 1.066,00 | 40,00 | **1.106,00** | 506,00 | 120,50 | **626,50** | | **1.750,00** |
| 06/12 | 175,00 | 0 | **175,00** | 354,00 | 0,00 | **354,00** | 681,00 | 114,00 | **795,00** | | **1.324,00** |
| 07/12 | 112,50 | 105,50 | **218,00** | 167,50 | 92,00 | **259,50** | 816,50 | 189,00 | **1.005,50** | | **1.483,00** |
| 08/12 | 112,00 | 44 | **156,00** | 429,00 | 61,00 | **490,00** | 30,00 | 42,00 | **72,00** | | **718,00** |
| 09/12 | 335,5 | 63 | 398,50 | 1.107,50 | 95,00 | **1.202,50** | 559,50 | 383,00 | **942,50** | | **2.543,50** |
| 10/12 | 950,00 | 3 | **952,50** | 646,00 | 18,00 | **664,00** | 422,00 | 237,00 | **659,00** | | **2.275,50** |
| 11/12 | 705,00 | 5 | **710,00** | 942,00 | 158,00 | **1.100,00** | 509,50 | 448,50 | **958,00** | | **2.768,00** |
| 12/12 | 88 | 0 | 88,00 | 114,00 | 34,00 | **148,00** | 165,50 | 97,50 | **263,00** | | **499,00** |
| **вкупно** | **2.671,50** | **220,00** | **2.891,50** | **5.125,00** | **614,00** | **5.739,00** | **4.507,00** | **1.806,00** | **6.313,00** | | **14.943,50** |

За да се произведе оваа количина на асфалт потрошени се:

- 658,450 т битумен
- 18.588,81 т ризла од различни фракции
- 166.887 л екстра лесно гориво

## 6. Зимска служба

Во следната табела се прикажани часовите на работа и вграден ладен асфалт во 2012 г ( дел сезона 2011/2012 и дел 2012/2013 )

| Реден број | МЕСЕЦИ | Механизација | Работна рака | Сол | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | час | час | тон | тон |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Учество на механизација и работна рака за интервенции во посипување на индустриска сол,крпење на ударни дупки со ладен асфалт и чистење на снег на коловози на сообраќјници. | | | | |
| 1 | Месец Јануари | 1.488,00 | 7.440,00 | 0,00 | 67,00 |
| 2 | Месец Февруари | 2.897,60 | 9.744,00 | 0,00 | 30,00 |
| 3 | Месец Март | 720,00 | 3.600,00 | 0,00 | 59,50 |
| 4 | Месец Ноември | 422,00 | 4.608,00 | | |
| 5 | Месец Декември | 1.488,00 | 8.928,00 | | 43,00 |
| | **ВКУПНО:** | **7.015,60** | **34.320,00** | | **199,50** |

## *IV. Ф И Н А Н С И С К И   П О К А З А Т Е Л И*

За периодот 01.01-31.12.2012 г ЈП Улици и патишта има остварено вкупни приходи од 259.200.417,00 ден (11,66%)поголеми приходи во однос на претходната година и 217.388.473,00 ден вкупни расходи (0,70%) помали расходи во однос на 2011 г.
Самиот овој факт – поголеми остварени приходи  со направени помали расходи во однос на 2011 г укажува на тоа дека трендот на зголемена економичност во работењето последните 3 години продолжува и во 2012 г.
Структурно вкупните приходи ги сочинуваат 243.480.968,00 ден - 93% приходи од деловно работење и 15.719.449,00 ден или 7%  останати приходи.
Како резултат на поголеми вкупни приходи од вкупни расходи во 2012 г остварена е добивка пред оданочување во износ од 41.811.944,00 ден. Данокот по даночен биланс е искажан во износ од 637.832,00 ден за кој износ се намалува добивката така да нето добивката за периодот 01.01.-31.12.2012 г изнесува 41.174.112,00 ден.

Приходите и расходите по одделни позиции и видови, како и соодносот со истите во 2011 г, како и причините за нивно намалување или зголемување ќе бидат предмет на анализа подолу во текстот.

### А.  ВКУПНИ  ПРИХОДИ

Вкупните приходи остварени во работењето на Претпријатието во периодот 01.01.-31.12.2012 г како и споредбените податоци со истиот период 2011 г се претставени во следната табела

| рб | Приходи | 2012 | % | 2011 | % | индекс 12/11 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Град Скопје | 216.003.294,00 | 83,33 | 199.434.736,00 | 85,92 | 1,08 |
| 2. | Општини | | | 13.200,00 | | |
| 3. | Други инвест. | 27.477.674,00 | 10,60 | 8.108.179,00 | 3,49 | 3,39 |
| 4. | Остан. делов. приходи | 15.719.449,00 | 6,07 | 24.563.789,00 | 10,59 | 0,63 |
| | Вкупно | 259.200.417,00 | | 232.119.904,00 | | 1,12 |

Најзабележетелен показател од горната табела е зголемувањето на приходите остварени од работење за други инвеститори освен Градот Скопје што само покажува дека Претпријатието далеку поуспешно отколку 2011 г е присутно на пазарот и се обидува да остварува колку е можно се повеќе приходи од овој тип. При тоа се разбира во ниеден момент не запоставувајќи ги обврските што ги има како јавен сервис на граѓаните на Градот.

Останува секако и во 2012 г проблемот како да се оствари директна соработка во работењето со Општините, по кој основ за жал и во оваа 2012 г не се остварени никакви приходи. Главната причина за немањето соработка со Општините на Градот Скопје е истата со години – немањето бонитет поради неплатено ДДВ, но би требало во соработка со нив, а секако и со помош од Градот Скопје да се најдат други индиректни начини на соработка – преку протоколи за соработка и слично.

**А1. ГРАД СКОПЈЕ**

| **Вид на приход** | **2012** | **%** | **2011** | **%** | **инд 12/11** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.летно одржување | 62.449.596,50 | 28,91 | 68.155.072,00 | 34,18 | 0,91 |
| Ред.зим.одржување | 27.872.591,00 | 12,91 | 18.368.206,00 | 9,21 | 1,52 |
| Хор.и верт.сигнализ. | 17.212.858,00 | 7,97 | 19.914.437,00 | 9,99 | 0,86 |
| Светлосна сигнализ. | 22.004.945,00 | 10,18 | 19.755.848,00 | 9,90 | 1,11 |
| Друго(изградба,прек.) | 86.463.303,50 | 40,03 | 73.241.173,00 | 36,72 | 1,18 |
| **Вкупно** | **216.003.294,00** | | **199.434.736,00** | | **1,08** |

Приходите остварени од работењето за Градот Скопје се доминантни во однос на другите приходи исто како и минатите години и учествуваат во вкупните приходи со повеќе од 83% што е сепак помалку во однос на 2011 г кога овој процент бил 85.

Во приходите остварени од редовното работење овој процент се зголемува и изнесува 89.

По одделни позиции, споредбата е следнава:

- намалување има кај редовното летно одржување и тоа за 9% и кај хоризонталната и вертикална сигнализација -14%

- најзначајно зголемување има кај зимското одржување на сообраќајници 52%, а зголемени се и приходите остварени од светлосната сигнализација (11%) и изградбата на нови објекти (18%).
  Значи во 2012 г поголемо внимание и поголеми приходи се остварени од изградбата на нови објекти. Споредено со редовното летно одржување истата година овие приходи се поголеми за 30%.
- вкупните приходи остварени во 2012 г остварени од работењето по налог на Градот се поголеми од истите 2011 г за 8%.

**А3. ДРУГИ ИНВЕСТИТОРИ**

Соработката со други инвеститори, освен Градот, и приходите остварени од работењето со нив може да се анализира како два вида на работи и тоа:

- Асфалтирање на прекопи направени од поставување и поправка на водоводна, канализациона,топловодна или ечектрична мрежа по налог на изведувачите на мрежата и
- Асфалтирање по склучени договори за изведување работи на одредени објекти

Од првиот вид на работи во 2012 г , како и во 2011,2010 и 2009 г остварени се приходи само од работењето со АД Топлификација-Дистрибуција на топлина и тоа само 477.709 ден (еден прекоп), односно за повеќе од 2,3 пати помалку од 2011 г што е податок кој загрижува имајќи предвид дека во годините наназад остварувани се и неколкупати поголеми приходи.

Проблем е што во последниве неколку години Претпријатието поради неисполнување на некои одредби од ЗЈН кои се однесуваат на бонитетот и плаќањето на јавните давачки не беше во можност да учествува на тендери во Претпријатија со кои традиционално добро соработуваше до пред 3-4години (ЈП Водовод и канализација, АД Македонски телеком, ЕВН Македонија АД ).

Што се однесува до вториот вид на приходи каде Претпријатието излегува на пазар,таму ситуацијата е сосема поинаква. Имено, од други инвеститори (освен Градот) остварени се за 18.891.786,00 ден поголеми приходи или тоа е зголемување за повеќе од 3 пати.Овој податок само го потврдува фактот дека со новата механизација и подобра организираност и максимално залагање Претпријатието успева како да одговори во целост на барањата и налозите за работа добиени од Градот Скопје, така и самостојно да излезе на пазар и да оствари приходи од тоа.

Сепак, тоа сеуште е минимално во однос на приходите остварени од работењето со Градот Скопје кој и понатаму останува главен инвеститор и налогодавач кој има секогаш и без никаква задршка приоритет во работењето на Јавното претпријатие Улици и патишта чиј основач е и без чија поддршка Претпријатието не би опстанало.

**А4. ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ**

Во оваа група на приходи структурата е следнава:

- приходи од субвенции 0 ден (12.000.000,00 во 2011 г)
- приходи од отпишани обврски 1.331.857,00 ден ( 7.743.852,00 во 2011 г)
- дополнително фактур.приходи 7.950.044,00 ден ( 1.101.890,50 во 2011 г)
- приходи од отпишани побарувања 925.070,00 ден ( 216.451,00 во 2011г)
- друго 5.512.478,00 ден ( 3.501.595,50 во 2011 г)

Кај оваа група приходи во однос на 2011 г најзначајно е зголемувањето на Дополнително фактурирани приходи, а тоа се приходи кои се фактурирани оваа година иако се извршени во 2011 г, поради исцрпување на договорите.

***Б. ВКУПНИ РАСХОДИ***

Вкупните расходи од работењето во 2012 г како и споредбените показатели со 2011 г се дадени во табелата која следи.

| рб | Расходи | 2012 | % | 2011 | % | индекс 12/11 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Матер.трошоци | 113.221.196,00 | 52,08 | 111.460.754,00 | 50,91 | 1,02 |
| 2. | Нематер.трош. | 9.518.868,00 | 7,14 | 15.679.370,50 | 7,16 | 0,99 |
| 3. | Плати | 79.090.446,00 | 36,38 | 76.109.559,00 | 34,77 | 1,04 |
| 4. | Камати и др.сл.расходи | 5.266.552,00 | 2,43 | 3.232.504,00 | 1,48 | 1,62 |
| 5. | Останати трош. од работењето | 10.291.411,00 | 1,97 | 12.442.540,50 | 5,68 | 0,34 |
| | Вкупно | 217.388.473,00 | | 218.924.728,00 | | 0,99 |

Износот на вкупните расходи во 2012 г изнесува 217.388.473,00 ден и е скоро на исто ниво со расходите во 2011 г. Поделните видови на трошоци, нивното учество во вкупните трошоци и соодносот со соодветните видови трошоци од минатата година ќе бидат образложени подолу во текстот.

**Б1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

Структурата на материјалните трошоци е следнава:

**а) Материјали и суровини**

| р.б. | Вид | 2012 г | % | 2011 г | % | инд. 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Битумен | 30.175.921,00 | 39,61 | 25.522.538,50 | 37,31 | 1,18 |
| 2. | Ризла | 10.199.692,50 | 13,38 | 7.936.937,00 | 11,61 | 1,28 |
| 3. | Нафта ЕЛ | 8.196.721,50 | 10,75 | 6.933.269,50 | 10,13 | 1,18 |
| 4. | Нафта Д2 | 5.759.669,50 | 7,55 | 5.251.411,00 | 7,67 | 1,09 |
| 5. | Рез.делови | 1.711.931,00 | 2,24 | 1.333.781,00 | 1,94 | 1,27 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Друго | 19.859.619,50 | 26,47 | 21.433.461,00 | 31,34 | 0,94 |
| | **Вкупно** | **75.903.555,00** | | **68.411.398,00** | | 1,11 |

**б) Транспортни трошоци**

Во 2012 г транспортните трошоци изнесуваат **1.427.935,50 ден** и се за 18% поголеми од 2011. Во 2012 г, исто као и во 2011 г како транспортни трошоци се појавуваат скоро исклучиво трошоците за телефони – фиксни и мобилни, односно во 2012 г Претпријатието во областа на транспортот скоро исклучиво се потпирало на сопствените превозни средства што е секако факт кој треба да се истакне.

**в) Амортизација**

Амортизацијата во 2012 е зголемена во однос на таа 2011 г (1.017.557,00) и изнесува **6.072.385,00 ден** како резултат на воведувањето во евиденција на средствата кои се добиени на користење од Градот Скопје и чиј износ на амортизација е голем со оглед на тоа што се работи за нови средства.

**г) Други материјални трошоци**

Кај оваа група на трошоци постои намалување скоро кај сите ставки, а на вкупен износ тоа намалување изнесува 7.086.300, оо ден или скоро 20 %.
Најмногу за обележување е намалувањето на услугите од подизведувачи во однос на 2011 г и тоа за 25% како резултат на самостојното извршување на работите благодарение на обновената асфалтна база и обновената механизација во претјходните години. Ова е само продолжување на позитивниот тренд од минатите години – само како пример во 2009 г за оваа намена од Претпријатието биле одлеани 57.025.563,00 ден, а во 2008 дури 84.270.474,00 ден.

| **р.б.** | **Вид на трошок** | **2012 г** | | **2011 г** | **%** | **Инд. 12/11** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Услуги од други | 25.253.817,00 | 84,54 | 33.618.236,50 | 91,10 | 0,75 |
| 2. | Комунални услуги | 236.238,00 | 0,79 | 426.454,50 | 1,16 | 0,55 |
| 3. | Трош.за регистр. | 214.498,50 | 0,72 | 371.957,00 | 1,01 | 0,57 |
| 4. | Услуги за одржув. | 1.450.837,00 | 4,91 | 378.864,50 | 1,02 | 3,82 |
| 5. | Наемнини | 1.590.271,50 | 5,38 | 527.492,50 | 1,43 | 3,01 |
| 6. | Отпис на сит.инв. | 935.415,00 | 3,16 | 768.306,00 | 2,08 | 1,21 |
| 7. | Друго | 136.244,00 | 0,50 | 812.310,00 | 2,20 | 0,16 |
| | **Вкупно** | **29.817.321,00** | | **36.903.621,00** | | **0,80** |

**Б2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

Нематеријалните трошоци во 2012 г во однос на 2012 г се намалени во однос на претходната 2011 г и тоа за 38%.

По видови трошоци состојбата е следнава:

| р.б | Вид на трошок | 2012 г | % | 2011 г | % | индекс 12/11 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Надомест од раб.однос | 179.864,00 | 1,88 | 323.586,00 | 2,06 | 0,55 |
| 2. | Дневници за службен пат | 19.693,00 | 0,21 | | | |
| 3. | Премии за осиг. | 11.830,00 | 0,12 | 143.887,00 | 0,93 | 0,08 |
| 4. | Репрезентац. | 450.440,00 | 4,73 | 517.176,50 | 3,30 | 0,87 |
| 5. | Надом. за привр.вработ. | 4.780.036,00 | 50,22 | 8.074.391,00 | 51,49 | 0,59 |
| 6. | Надомест УО,НО | 1.177.248,00 | 12,37 | 1.266.696,00 | 8,08 | 0,93 |
| 7. | Други немат.трош. | 2.899.757,00 | 30,47 | 5.353.634,00 | 34,14 | 0,54 |
| | **Вкупно** | **9.518.868,00** | | **15.679.370,50** | | **0,61** |

Намалување има и на вкупно ниво, а и скоро кај сите ставки на нематеријални трошоци.

Во групата **Други нематеријални трошоци** спаѓаат :

- судски трошоци 1.753.911,00
- обезбедување асфалтна база во кругот на Железара 311.084,00
- банк.услуги,членарин и др.сл.расходи 237.703,00
- советувања,обуки,интелект,услуги 406.283,00
- претплати за стручни списанија, весници, служ.весник,објави во БЈН 190.776,00

**Б3. ПЛАТИ**

Зголемувањето на ставката плати е минимално, односно околу 4% како резултат на дозволеното покачување на плати поради порастот на животни трошоци.

**Б4. КАМАТИ**

Ставката Камати во 2012 г е многу зголемена во однос на 2011 г – 5.266.552,00 ден во 2012 наспроти 790.998,00 ден во 2011 г, а тоа се камати платени по изгубени судски спорови поради неплатени обврски и поголем дел за надомест на штета согласно одредбите од Законот за безбедност во сообраќајот.

**Б5. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ**

Оваа категорија на трошоци во 2012 г бележи намалување во однос на 2010 г – за скоро 19%.
По видови состојбата е како што следи:

| р.б. | Вид на трошок | 2012 г | % | 2011 г | % | индекс 12/11 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дополнит.утврд. трошоци | 3.564.676,00 | 34,64 | 3.818.286,00 | 30,69 | 0,93 |
| 2. | Отпис на застар.побар. и вредн.усогласување на побар. | 4.221.978,50 | 41,01 | 6.010.260,50 | 48,30 | 0,70 |
| 3. | Казни,пенали и надом.на штети | 980.793,50 | 9,52 | 2.598.921,00 | 20,89 | 0,37 |
| 3. | Друго | 1.523.963,00 | 14,79 | 15.073,00 | 0,12 | 101,10 |
| | **Вкупно** | **10.291.411,00** | | **12.442.540,50** | | **0,82** |

Отписот на застарени побарувања - постари од три г се спроведува согласно МСС 18 кој бара да се отпишат, односно да бидат трошок на Претпријатието не само застарените ненаплатени побарувања, туку и побарувањата кои се редовно утужени, но за кои сеуште се води спор пред надлежниот Суд.

## *АНАЛИЗА НА ИЗВЕШТАИТЕ КОИ СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА*

Сознанија и показатели за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за периодот 01.01.-31.12.2012 г може да се добијат и преку анализа на финансиските извештаи ( обрасци) за Годишната сметка за 2012 г.
Составни делови (обрасци) на Годишната сметка на кои ќе се направи анализа, се:

1. Билансот на успех ( Извештај за добивка или загуба)
2. Билансот на состојба ( Извештај за финансиската состојба)
3. Даночниот биланс

## Извештај за финансиската состојба

### I. БИЛАНС НА УСПЕХ

| Извештај за добивка или загуба | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр.** | **конто** | **ПОЗИЦИЈА** | **АОП** | **Остварени резултати во 2012** | **Остварени резултати во 2011** | **Структурни показатели** | **Индексни показатели** |
| **А.** | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ: (201 + 223 + 244)** | **збир** | **259200417** | **232119904** | | **1,11** |
| **1.** | | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202 + 203 + 206)** | **201** | **259198605** | **232101467** | **1** | **1,11** |
| 2. | | Приходи од продажба | 202 | 243480968 | 207556115 | | |
| 3. | | Останати приходи | 203 | 15717637 | 24545352 | | |
| 4. | | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на почетикот на годината | 204 | | | | |
| 5. | | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 205 | | | | |
| 6. | | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | | | | |
| **7.** | | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | **223** | 1812 | 18437 | 0 | 0,09 |
| 8. | | Финансиски приходи од односи со поврзани друштва | 224 | | | | |
| 9. | | Приходи од вложувања во неоврзани друштва | 229 | | | | |
| 10. | | Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друшт | 230 | 1812 | 18437 | | |
| 11. | | Приходи по основ на курсни разлики од работње со неповрзани друштва | 231 | | | | |
| 12. | | Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средс | 232 | | | | |
| 13. | | Останати финансиски приходи | 233 | | | | |
| **Б.** | | **ВКУПНИ РАСХОДИ: (204-205+207+234+245)** | **збир** | **217388473** | **218924728** | | |
| **1.** | | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208 до 213) и (218 до 222)** | **207** | 212060321 | 215692224 | 0,09 | **0,98** |
| 2. | | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 77331490 | 68411398 | | |
| 3. | | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | | | | |
| 4. | | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и и автогуми | 210 | | | | |
| 5. | | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 29817321 | 38110444 | | |
| 6. | | Останати трошоци од работењето | 212 | 9518868 | 15343365 | | |
| 7. | | Трошоци за вработени | 213 | 79090446 | 76445565 | | |
| 8. | | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 218 | 6072385 | 4938912 | | |
| 9. | | Вредносно усогласување (обезвреднување) | 219 и 220 | 4221979 | 6010260 | | |
| 10. | | Резервирања за трошоци и ризици | 221 | | | | |
| 11. | | Останати расходи од работењето | 222 | 6007832 | 6432280 | | |
| **12.** | | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | **234** | **5328152** | **3232504** | **0,02** | **1,64** |
| 13. | | Финансиски расходи од односи со поврзани друштва | 235 | 61600 | | | |
| 14. | | Расходи по основ на камати ... | 239 | | 3232504 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | | Расходи по основ на курсни разлики.... | 240 | | | | |
| 16. | | Нереализирани загуби (расходи) од финан. средства | 241 | | | | |
| 17. | | Вредносно усогласување на финансиски средства и вложув. | 242 | | | | |
| 18. | | Останати финансиски расходи | 243 | 5266552 | | | |
| 19. | | Удел во добивката на придружните друшва | 244 | | | | |
| 20. | | Удел во загубата на придружните друштва | 245 | | | | |
| **В.** | | **ДОБИВКА ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ (А-Б)** | **246** | 41811944 | 13195176 | | |
| **Г.** | | **ЗАГУБА ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ (Б-А)** | **247** | | | | |
| 1. | | Нето добивка од прекинати работења | 248 | | | | |
| 2. | | Нето загуба од прекинати работења | 249 | | | | |
| **Д.** | | **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (246 + 248)** | **250** | **41811944** | **13915176** | | **3,00** |
| **Ѓ.** | | **ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (247 + 249)** | **251** | | | | |
| Е. | | **ДАНОК НА ДОБИВКА** | **252** | 637832 | 688089 | | **0,92** |
| Ж. | | Одложени даночни приходи | 253 | | | | |
| З. | | Одложени даночни расходи | 254 | | | | |
| **И.** | | **НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (Д-Е+Ж-З)** | **255** | 41174112 | 12507087 | | **3,29** |
| **Ј.** | | **НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (Г+Е-Ж+З)** | **256** | | | | |
| **1.** | | **Просечен број на вработени** | **257** | 218 | 217 | | |
| **2.** | | **Број на месеци на работење** | **258** | 12 | 12 | | |
| **3.** | | **ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ** | **259** | 41174112 | 12507087 | | **3,29** |

Следи анализа на поедините позиции од Билансот на успех во кој се внесени приходите и расходите за период 01.01.-31.12.2012 г и кој е составен дел од Годишната сметка за 2012 г .

## А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупните приходи остварени од работењето во 2012 г изнесуваат 259.200.417,00 ден ( во 2011 г 232.119.904,00 ден) или има зголемување за 11,66%.

**А1. Приходите од продажба на услуги** согласно дејностите на Претпријатието изнесуваат 243.480.968,00 ден и се остварени главно од работењето со Градот Скопје и тоа 89%. Останатите приходи од овој вид се остварени од работењето со други инвеститори – 11%.

**А2. Останати приходи**

Во оваа група на приходи спаѓаат:

- приходи од претходно одложени приходи 3.864.899,00
- приходи од отпис на обврски 1.331.857,00
- приходи од наплатени отпишани побарувања 925.070,00
- приходи од поранешни години 7.852.576,00
- други приходи 1.743.235,00

**А3. Финансиски приходи**

Во оваа група на приходи спаѓаат приходите остварени од камати и се во износ од 1.812,00 ден.

## Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Структурата на прикажаните расходи од работењето кои се во вкупен износ од 217.388.473,00 ден и се за 0,7% помали од расходите во 2011 г е следнава:

**Б1. Трошоци за суровини и материјали** – изнесуваат 77.331.490,00 ден и се за 30,54% повисоки од истите во 2011 г што е нормално со оглед на поголемите остварени приходи ( повеќе потрошени материјали) и секако порастот на цените на основните материјали и суровини за работа (битуменот,горивото).Во вкупните трошоци материјалните трошоци учествуваат со 35,57%.

**Б2. Услуги со карактер на материјални трошоци** – изнесуваат 29.817.321,00 ден и ги вклучуваат транспортните трошоци, трошоците за подизведувачи, комуналните трошоци и сл. Овој вид на трошоци во вкупните расходи учествува со 13,71%, а заедно со трошоците за суровини и материјали овој процент е скоро 50%..

.

**Б3. Останати трошоци од работењето** – се во износ од 9.518.868,00 ден и во вкупните трошоци учествуваат со 4,37%.

**Б4. Трошоците за вработените** во вкупните трошоци учествуваат со 36% што е скоро на исто ниво како и во 2011 г.

**Б5. Амортизација** – кај овој вид на трошок има зголемување во однос на 2011 г за 23% што е резултат на добиените средства од Градот во претходните години. За разлика од нив, затечените средства се скоро целосно отпишани.

**Б6. Вредносно усогласување** – ова се трошоци од отпис на застарени неутужени побарувања согласно законските прописи - 4.221.979,00 ден

**Б7. Останати расходи од работењето** – ги опфаќаат:

- останати расходи од работењето 6.007.832,00
- финансиски расходи 5.328.152,00

Забелешка: Оваа 2012 г има прераспоредување на некои трошоци од еден во друг вид, па затоа и некаде податоците се неспоредливи.

## II. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Извештај за финансиската состојба**

| Р.Бр. | КОНТО | ПОЗИЦИЈА | АОП | Состојба на 31.12.2012 г | Состојба на 31.12.2011 | Структурни показатели | Индексни показатели |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | АКТИВА | 063 | 175837091 | 132364871 | | 1,32 |
| А. | | НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 001 | 41891070 | 45836776 | 0,24 | 0,91 |
| I. | | НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 002 | 74937 | 107902 | | |
| II. | | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 009 | 41131143 | 45043884 | | |
| III. | | ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ | 020 | | | | |
| IV. | | ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 021 | 684990 | 684990 | | |
| V. | | ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 031 | | | | |
| VI. | | ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА | 035 | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Б.** | | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **036** | 133902871 | 86484945 | **0,76** | **1.55** |
| **I.** | | **ЗАЛИХИ** | **037** | 13214785 | 13249422 | | |
| **II.** | | **СРЕДСТВА ЗА ОТУЃУВАЊЕ...** | **044** | | | | |
| **III.** | | **КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **045** | 120569447 | 73124190 | | |
| **IV.** | | **КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | **052** | 49672 | 49672 | | |
| **V.** | | **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | **059** | 68967 | 61661 | | |
| **VI.** | | **ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)** | **062** | 43150 | 43150 | | |
| **В.** | | **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | **064** | | | | |
| | | **ПАСИВА** | **111** | **175837091** | **132364871** | | **1,33** |
| **А.** | | **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **065** | -30939858 | -72063714 | | **0,43** |
| **I.** | | **ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | **066** | 23185342 | 23185342 | | |
| **II.** | | **ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ** | **067** | | | | |
| **III.** | | **СОПСТВЕНИ АКЦИИ** | **068** | | | | |
| **IV.** | | **ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)** | **069** | | | | |
| **V.** | | **РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **070** | 87853 | 87852 | | |
| **VI.** | | **РЕЗЕРВИ** | **071** | 751613 | 751613 | | |
| **VII.** | | **АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** | **075** | | | | |
| **VIII.** | | **ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)** | **076** | -96776610 | -109283697 | | |
| **IX.** | | **ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | **077** | 41811944 | 13195176 | | |
| **X.** | | **ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (-)** | **078** | | | | |
| **XI.** | | **ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО** | **079** | | | | |
| **XII.** | | **НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО** | **080** | | | | |
| **Б.** | | **ОБВРСКИ** | **081** | 181149983 | 174871170 | **1,03** | **1,04** |
| **I.** | | **ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ** | **082** | | | | |
| **II.** | | **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **085** | | | | |
| **III.** | | **ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** | **094** | | | | |
| **IV** | | **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **095** | 181149983 | 174871170 | | |
| **V.** | | **ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | **109** | 25626966 | 29557415 | | |
| **VI** | | **ОБВРСКИ ПО ОДНОС НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА.....** | **110** | | | | |
| **В.** | | **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА** | **112** | | | | |

При анализата на позициите од Билансот на состојба ( Извештај за финансиската состојба) најнапред мора да се укаже на фактот дека Претпријатието неколку години station наназад е со деловен фонд со негативен предзнак, односно главнината и резервите се недоволни да ја покријат акумулираната загуба.

## АКТИВА

### А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

#### А1. Нематеријални средства

Како Нематеријални средства се евидентирани софтверите во износ од 74.937,00 ден

#### А2. Материјални средства

Во групата на Материјални средства најголемо е учеството на постројките и опремата кои учествуваат во вкупниот износ со 96,87%, додека алармантно ниско е учеството на транспортните средства кои се еден од најважните фактори за извршување на задачите и изнесува само 0,2%.

**А3. Долгорочни финансиски средства**
Тука се евидентирани вложувањата во акционерски капитал кои се добиени со поделбата на ЈКП Комуналец во 1992 г.

**Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА**

**Б1. Залихи**
На позицијата Залихи во БС е евидентиран износ од 13.214.785,00 ден и во него најголемо е учеството на залихите на суровини и материјали 66,19%, а остатокот се залихи на резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми.

**Б2. Краткорочни побарувања**
На оваа позиција во БС најголем е износот на побарувања од купувачите и тоа 98%. Остатокот го сочинуваат побарувања по други основи – аванси,побарувања од државата за повеќе платени даноци и др.

**Б3. Парични средства и парични еквиваленти**
На 31.12.2012 г на сметките на ЈП Улици и патишта Скопје имало 68.967,00 ден.

**Б4. Платени трошоци за идни периоди (АВР)**
На оваа позиција се евидентирани премиите за осигурување.

**ПАСИВА**

**А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

**А1. Основна главнина**
Основната главнина на ЈП изнесува 23.185.342,00 ден.

**А2. Ревалоризациона резерва**
На оваа позиција во БС е евидентиран износ од 87.853,00 ден и е резултат на извршена ревалоризација на средства во претходните години.

**А3. Резерви**
Законските резерви се во износ од 751.613,00 ден и ќе се искористат за покривање на дел од загубите.

**А4.Пренесена загуба**
Пренесената (акумулирана)загуба изнесува 96.776.610,00 ден како резултат на загуби во неколку последователни години пред 2010 г.
Со добивката од оваа 2012 г во износ од 41.174.112,00 ден загубата ќе биде драстично намалена.

**Б. ОБВРСКИ**

**Б1. Краткорочни обврски**
Во групата на краткорочни обврски структурата е следнава:

- обврските кон добавувачите 38,20%
- обврски кон вработените 6,62%
- даночни обврски 54,03%

- останати обврски 1,15%

**Б2. Одложено плаќање на трошоци (ПВР)**
На оваа позиција се евидентирани основните средства кои се добиени со Одлука од Советот на Град Скопје во изминатите периоди.

## III. ДАНОЧЕН БИЛАНС

Составен дел на Годишната сметка е и Даночниот биланс во кој се внесени даночно непризнаените расходи од работењето за периодот (согласно Законот за данок од добивка).
За периодот 01.01.-31.12.2012 г тие расходи се во вкупен износ од **6.378.325,00 ден**, а се состојат од:

| | |
|---|---|
| - трошоци за репрезентација | 411.079,00 |
| - парични и даночни казни | 1.582.350,00 |
| - траен отпис на побарувања | 4.221.979,00 |
| - други усогласувања на расходи | 162.917,00 |

На вака утврдениот износ е пресметан данок во износ од **637.832,00 ден** со кој износ се намалува бруто добивката од **41.811.944,00 ден** и се добива нето добивка од **41.174.112,00 ден**.

## *ЗАВРШЕН ДЕЛ*

ЈП Улици и патишта Скопје и оваа 2012 г ја заврши со позитивен финансиски резултат како продолжување на позитивниот тренд во работењето започнат во 2010 г и 2011.Ова е особено значајно да се потенцира имајќи предвид дека години наназад Претпријатието работело со загуба.
Како резултат на поголеми приходи од расходи во 2012 г покажан е позитивен финансиски резултат пред оданочување во износ од 41.811.944,00 ден, данок на добивка од 637.832,00 ден и нето добивка од 41.174.112,00 ден
ЈП Улици и патишта за разлика од сите други ЈП во Градот Скопје е единственото кое за обавување на основната дејност мора да врши производство за кое користи различни суровини и материјали ( битумен, ризла, екстралесно гориво).
Цената на сите овие основни суровини во 2012 г повеќе пати претрпуваше покачувања – цената на битуменот се зголеми за повеќе од 20%, цената на екстралесното се покачуваше скоро 2 пати во месецот. Сето ова беше тешко да се следи, но со ангажирање до крајни граници на сите ресурси и човечки и технички резултатите се такви какви што се.
Не може, а да не се потенцира фактот дека во 2012 г Претпријатието скоро целосно се потпираше на сопствените средства при извршувањето на дејностите кои ги има, а ангажирањето на подизведувачи беше сведено на апсолутен минимум.
Доколку располагаше со барем уште 2 до 3 повеќетонски камиони за превоз на асфалтот и за Зимската служба, и овие минимум подизведувачи немаше да бидат ангажирани.
Не може да се заобиколи и Секторот сообраќај во Претпријатието кој исклучително беше активен и оваа 2012 г, дури и повеќе за 11% од 2011 која беше најуспешнта година многи години наназад.

Во 2012 г во Градот многу се работеше, скоро исто како и во 2011 г, целосно се реконструираа некои булевари, се наоѓаа нови сообраќајни решенија, а во сето тоа беше вклучено ЈП и неговиот Сектор за светлосна, хоризонтална и вертикална сигнализација.
Сите семафоризирања на новите крстосници беа извршени од страна на овој Сектор, без било какви дополнителни ангажирања однадвор со исклучителни напори од сите вработени навремено и квалитетно да се извршат задачите.
Поставувањето на вертикалната сигнализација и обележувањето на новите сообраќајници беше исто така целосно завршено од нашето Претпријатие.
Наспроти проблемите кои ги имаше во 2012 г пред се со покачувањето на цените на основните суровини и материјали за работа, со недостатокот на транспортни средства, повремената лоша ликвидност, со ангажирање на менаџментот и сите вработени, со водење сметка за секој и најмал трошок, за секоја и најмала заштеда во работењето и секако со зголемената ангажираност и продуктивност се постигнаа позитивни резултати. Во Претпријатието се водеше сметка за секој сегмент да функционира и се функционираше скоро без грешка од аспект на искористување на сите внатрешни ресурси.
Можеме само да се надеваме и да се трудиме и 2013 г да биде ако не подобра, тогаш барем приближно успешна како 2012 г, а за тоа ќе ги вложиме сите напори како што всушност правевме и во оваа година, а резултатите од 2010,2011 и 2012 г ќе ни бидат уште поголем поттик за понатаму – пред се уште понавремено и поквалитетно да одговори на сите налози за работа од страна на основачот Градот Скопје и секако да ги задоволи барањата на граѓаните за подобро и поквалитетно живеење во сферите каде тоа делува.

**ЈП Улици и патишта-Скопје**
**Директор**
**Синиша Ивановски**